# ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИ НА ТРУДОВАТА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН



Скопје, Мај 2023

**Наслов:** Идентификација на жртви на трудовата експлоатација во рамките на Западен Балкан

**Издавач**: Македонско здружение на млади правници

**Автори:** Арбен Гудачи и Весна Дишлијовска

**Уредник:** Бојана Божиновска Силјановска

**Лектура:** Елеонора Стојкоска-Попетревска

Овој документ е изработен во рамките на проектот „Регионална размена и зајакнување на отпорноста на работниците во регионот во областа на трудовата експлоатација“, поддржан од Регионалниот проект за спречување и борба против трговијата со луѓе (ПакТ), имплементиран од Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) во соработка со Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци (МАРРИ) по налог на Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (БМЗ).

Содржината и мислењата изразени во документот за јавни политики се единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на ГИЗ и на МАРРИ.

# СОДРЖИНА

Листа на кратенки ..... 3
Резиме ..... 4
Воведни забелешки ..... 5
Методологија ..... 5
Состојбата со трудова експлоатација на Западен Балкан ..... 6
**Албанија** ..... 6
**Босна и Херцеговина** ..... 8
**Косово*** ..... 9
**Северна Македонија** ..... 10
**Србија** ..... 12
**Црна Гора** ..... 15
Заклучоци и препораки ..... 17

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

АВ - Агенција за вработување

ГИЗ – Германско друштво за интернационална соработка

ДИТ – Државен инспекторат за труд

ЗИТ - Закон за инспекција на трудот

КЗ - Кривичен законик

МАРРИ - Регионална иницијатива за миграции, азил и бегалци

МВР - Министерство за внатрешни работи

МЗ - Министерство за здравство

МЗМП – Македонско здружение на млади правници

МОН - Министерство за образование и наука

МОТ - Меѓународна организација на трудот

МТСП - Министерство за труд и социјална политика

НКБТЛИМ - Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

НМУ - Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе

ОН – Обединети нации

СОП – Стандардни оперативни процедури



# РЕЗИМЕ

Трговијата со луѓе секојдневно го менува својот облик. Трговците сѐ повеќе ги користат модерната технологија и социјалните мрежи за таргетирање и подведување на жртвите на трговија со луѓе.

Иако сѐ уште доминантно се процесираат случаи на трговија со луѓе во „традиционален облик“, како што е сексуалната експлоатација, на Западен Балкан како втора доминантна форма се јавува трудовата експлоатација, каде што како жртви претежно се јавуваат мажите, но по нив и децата и жените.

Принудните бракови често се поврзани со други облици на трговија со луѓе меѓу кои и трудовата експлоатација. Питачењето во праксата ретко се разгледува како трговија со луѓе, што несомнено претставува облик на експлоатација.

Постои потреба од јасна дистинкција помеѓу прекршување на работничките права и трговија со луѓе заради трудова експлоатација.

Администрациите и системите на Западен Балкан функционираат на сличен начин и се составени од органи со слични надлежности. Регионална соработка, мултидисциплинарен пристап и таргетирање на „жешките точки“ на трговијата со луѓе за трудова експлоатација се следниот потребен чекор.

Трудовите инспектори се значајна алка при идентификација на потенцијални/жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Поради тоа треба да имаат соодветен мандат, доволен број  ресурси и проактивна улога во борбата за трговија со луѓе.

Сезонската работа треба да е соодветно регулирана во легислативата за да може сезонските работници да ги уживаат своите работнички права.

# ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Последните трендови укажуваат дека трудовата експлоатација на Западен Балкан е втората по ред најголема форма на трговија со луѓе, по сексуалната експлоатација. Трудовата експлоатација доминира кај професиите што се и сезонски активни како: градежништво, земјоделство, туризам и индустрија. Од друга страна, сѐ поголем е бројот на евидентирани случаи на питачење, сепак, постои предизвик локалните (судски) власти да го гонат питачењето како форма на трговија со луѓе.

Администрациите на Западен Балкан спроведуваат реформи со цел да креираат повеќе работни места со подобри услови за работа за нивните граѓани. Најчесто поради финансиски проблеми, граѓаните пребегнуваат кон опција за работа надвор од границите на својата држава – регионот или во некоја од земјите членки на Европската Унија, најчесто за вршење сезонска работа. Не е исклучено и мигрирањето на подалечна дестинација, што се појавува како традиционална форма на печалба. Честопати сезонската работа не е регистрирана и странските сезонски работници влегуваат и работат како туристи во регионот. Во секоја од државите секој како турист може да остане временски период од 90 дена во рамките на 180 дена. Оттука, работниците доаѓаат во државите во својство на туристи, но вршат и работа што ги става во ризик да станат жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Сепак, проценката дали во конкретниот случај станува збор за прекршување на работничките права или за потенцијална жртва на трудова експлоатација зависи од искуството и знаењата на надлежните што ја вршат проценката. Постои недостиг на информации за тоа што претставува трудовата експлоатација во пошироката јавност (кај работниците), како и ниска свест за последиците што може да се јават како резултат на трудовата експлоатација. Отсуството на јасната дефиниција за тоа што се подразбира под терминот ескплоатација доведува до отежнето разликување помеѓу прекршување на работничките права и присилната работа.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Овој документ има цел да ја презентира моменталната состојба на Западен Балкан поврзана со трговијата со луѓе заради трудова експлоатација, како и да даде заклучоци и препораки. Предложените препораки се стремат да придонесат кон креирање мерки и активности што ќе доведат до намалување на степенот на ранливост на работниците, подобрена регионална соработка и намалување на ризиците од трговија со луѓе, особено на трудовата експлоатација.

Методолошкиот пристап при изработката на документот вклучува примена на следниве истражувачки методи:

КАНЦЕЛАРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ – преку канцелариското истражување се анализираше трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација на Западен Балкан преку анализирање релевантни извештаи и анализи.

НАОДИ ОД РЕГИОНАЛНА ТРКАЛЕЗНА МАСА - Во април 2023 година, МЗМП, поддржано од ГИЗ, одржа тркалезната маса во Скопје на тема: „Регионална размена и зајакнување на отпорноста на работниците во регионот во областа на трудовата експлоатација“.

На тркалезната маса присуствуваа претставници од државите од Западен Балкан, беа присутни[1] претставници на координаторите за трговија со луѓе и претставници на инспекторатите за труд во рамките на Западен Балкан, како и претставници на меѓународниот сектор.

# СОСТОЈБАТА СО ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

## Албанија

Албанија претставува земја на потекло, транзит и дестинација на трговија со луѓе. Најголем број од формално идентификуваните случаи како жртви на трговија со луѓе се жени и девојчиња кои биле тргувани со цел сексуална експлоатација, принудна работа, но и заради вршење криминални дејствија како во соседните земји од Западен Балкан, така и во земјите членки на Европската Унија.[2] Бројот на идентификувани жртви на трговија со луѓе е во пораст, особено на деца жртви што се изложени на најлошите форми на детска работа, нивно вклучување во недозволени активности, принудно питачење и искористување на детскиот труд во областите на земјоделство, услуги и индустрија. Идентификувани се 37 потенцијални жртви на питачење.[3]

Согласно трудовото законодавство, забрането е децата под 18 години да работат. Децата извршуваат и опасни работи во областа на рударството, вклучително и работа со хром. Децата, главно, се експлоатирани во питачење од страна на нивните родители или блиски роднини или се тргувани со цел да извршат криминални активности, вклучително и работа на фарми за канабис во Албанија. Децата од ромската и египетската заедница се особено ранливи на трговија со луѓе и експлоатација. Има зголемување на бројот на деца Албанци подложени на принудна работа во Косово* и во Велика Британија. Некои деца Албанци кои патувале со своите родители во Холандија, Франција и Германија, наводно, биле оставени таму без придружба и ранливи на експлоатација. Трговците со луѓе сѐ повеќе ги користат социјалните мрежи, како што се „Фејсбук“, „Инстаграм“ или „Снепчет“ за да регрутираат жртви преку лажни понуди за работа, злоупотребувајќи ја нивната позиција на ранливост.[4] Затоа, потребно е да се направат напори за измена на законодавството во однос на cyber trafficking согласно извештајот на ГРЕКО за напредокот на Тирана.[5]

Постапката за идентификација на жртвите на трговија со луѓе ги следи СОП за идентификација и упатување на жртвите и потенцијалните жртви на трговија со луѓе, кои се во сила од декември 2011 година. Постојат две фази на идентификација: првична идентификација на претпоставените жртви, која може да ја извршат полицијата, граничната полиција, социјалните служби, трудовиот инспекторат, регионалните образовни дирекции, регионалните здравствени дирекции, општинските единици за заштита на децата и граѓанските организации, и втората фаза на формална идентификација, која се врши од

[1] На тркалезната маса немаше претставници од Црна Гора, поради што податоците за состојбата со трудовата експлоатација во Црна Гора, како и за добрите пракси и предизвиците со кои се соочуваат се прибавија преку канцелариско истражување.
[2] Косово*, Грција, Северна Македонија
[3] Наоди од тркалезна маса насловена „Регионална размена и зајакнување на отпорноста на работниците во регионот во областа на трудовата експлоатација“ одржана на 27-28.04.2023 година во Скопје
[4] Secretariat of the Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings (GRETA,Group of experts on Action against trafficking in Human beings, Third Evaluation Round, Albania, Access to justice and effective remedies for victims of trafficking in human Beings
[5] Supra note 3

страна на полициски службеник и социјален работник.[6]

Албанија има воспоставено мобилни единици во повеќе региони во државата (Тирана, Валона, Елбасан, Скадар, Кукс и Дибр) со цел да се подобри проактивниот пристап за идентификација на жртвите на трговија со луѓе. Членовите на мобилните тимски единици посетуваат места каде што постои ризик од трговија со луѓе, како што се ноќните клубови. Мобилните единици се мултидицсиплинарни и работат согласно Стандардните оперативни процедури за заштита на жртвите и потенцијалните жртви на трговија со луѓе, како и специфичните стандарди за работа на мобилните тимски единици.[7]

МВР во Албанија остварува соработка со МОН, МЗ, АВ, Канцеларијата за стручно усовршување, како и со деца и млади во однос на препознавање и запознавање со терминот трговија со луѓе што за крајна цел ја има експлоатацијата.

Во однос на меѓународната соработка, Албанија има склучено билатерални договори за борбата против трговија со луѓе со соседните земји, вклучувајќи ги Грција, Северна Македонија, Косово* и Црна Гора.[8]

Кога зборуваме за трудовата експлоатација, се воочува проблемот со идентификација на жртви на трудова експлоатација. Постои договор потпишан од страна на Националниот координатор за борба против трговија со луѓе, Трудовиот инспекторат и Генералниот директорат на државната полиција, со кој на Трудовиот инспекторат му се доделува улога во проактивната идентификација на жртвите на ТЛ.[9] Трудовите инспектори спроведуваат редовни и вонредни инспекциски надзори само во рамките на формалната економија. Трудовите инспектори имаат добиено прирачник кој се однесува на трговијата со луѓе во кој се содржани индикатори за препознавање дали одредено лице се јавува како жртва на трговија со луѓе или не. Трудовите инспектори не се надлежни да ја проверуваат сивата економија и се забележува недостиг на човечки ресурси и обуки во однос на трговијата со луѓе.

Доколку трудовиот инспектор препознае индикатори за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, само врши констатација дека постои сомневање оти станува збор за жртва на трговија со луѓе, по што се известува припадник на полицијата за натамошно истражување за констатирање дали станува збор за жртва на трговија со луѓе или не.[10] Трудовите инспектори немаат идентификувано жртви на трговија со луѓе. Во Албанија, Законот за работни односи предвидува дефиниција за принудна работа како и за санкции во случај на прекршоци. Трудовите инспектори имаат право да изрекуваат санкции во текот на теренските инспекции кога постои сомнеж за принудна работа, особено во случаи на отсуство на договор за работа или работна дозвола, непријавени вработени или отсуство на социјално осигурување, неплатена работа, како и во случаи на деца што вршат работа без потребното одобрување од Државниот инспекторат за труд.[11]

Како добра практика во однос на подигнување на свеста за трговијата со луѓе, видовите на експлоатација и ризиците од трговијата со луѓе, формиран е одбор за жртви. Во овој одбор се вклучени преживеани жртви на трговија со луѓе, кои обезбедуваат придонес во дизајнирање на кампањите за подигнување на свеста кај другите лица. Албанија од 2019 година остварува соработка со МАРРИ за зголемување на јавната свест во однос на трговијата со луѓе и ризиците што таа ги носи.[12] Дополнително, организирани се и низа активности за подигнување на свеста насочени кон пошироката јавност преку

[6] Ibid.
[7] Supra note 4
[8] Supra note 3
[9] Меморандумот за соработка е потпишан во 2014 година.
[10] Supra note 3
[11] Supra note 4
[12] Supra note 3

објавување и дистрибуирање прирачници, летоци и брошури, а се прикажуваат и телевизиски и радиореклами и програми. [13]

## Босна и Херцеговина

Босна и Херцеговина е земја на потекло, дестинација и транзит на тргувани лица. Повеќето од идентификуваните потенцијални жртви се деца, државјани на Босна и Херцеговина, експлоатирани во питачење, пред сè, од страна на членови на семејството. Се појавуваат нови форми на трговија со луѓе – трговија со органи. Поради нивната тешка социо-економска ситуација, припадниците на ромската заедница се особено ранливи на оваа форма на експлоатација. Потребно е да се усвои извештајот од Националната комисија за 2022 година. Во 2022 година се идентификувани 38 жртви на трговија со луѓе, од кои 30 се жени, а осум се мажи. Дополнително, евидентирани се пет жртви на трудова експлоатација, од кои три се од машки пол, а две од женски пол. [14]

Во Босна и Херцеговина постојат локални тимови за соработка, кои вклучуваат трудови инспектори. Трудовите инспектори вршат инспекциски надзори во различни сектори, особено на градилиштата и во угостителството. Инспекциските надзори резултатираа со идентификација на голем број работници што работат без потребните договори за работа, без дозволи за работа и без осигурување. За време на спроведените инспекциски надзори не се откриени жртви на трговија со луѓе. Она што е особено значајно е дека трудовите инспектори вршат инспекциски надзори и во приватните агенции за вработување и изречени се соодветни прекршоци, главно поради незаконската практика работниците да ги издаваат под закуп на други работодавачи врз основа на договор за соработка. Постојното законодавство не ја регулира трудовата експлоатација.[15]

Задолжителната програма за обука на трудовите инспектори не ја покрива областа на трговија со луѓе и од таа причина се организираат обуки од страна на граѓанското општество и меѓународните организации. Како добра пракса што вреди да се истакне е дека веб-страницата на АВ во Босна и Херцеговина содржи одредени информации за легалната и безбедна работна миграција, работните услови и заштитата на работничките права во странство, но тоа се однесува само на некои земји, особено тие со кои Босна и Херцеговина има склучено меѓународни договори за вработување со цел да се олесни безбедната работна миграција (Германија, Србија, Словенија). Преговорите за склучување слични договори со Хрватска, Црна Гора и Русија се во тек.[16]

Најчесто државјаните на Босна и Херцеговина патуваат во странство заради работа без работна дозвола, а кога ќе станат жртви на трудова експлоатација, ретко бараат помош од властите или дипломатските претставништва на Босна и Херцеговина во земјите на дестинација зашто работат во делот на сивата економија и се плашат од кривично гонење. Секојдневно се забележуваат јавни повици по групи на социјални мрежи од физички лица и агенции што нудат работа во странство и бројот на државјани што бараат можности за работа е зголемен. Со поддршка на ГИЗ, во 2019 година е поставен Инфопулт за потенцијални мигранти во ЕУ на три локации (во просториите на Дневниот центар за деца во ризик во Тузла, во

[13] Supra note 4
[14] Supra note 3
[15] Ibid.
[16] Secretariat of the Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings (GRETA,Group of experts on Action against trafficking in Human beings, Third Evaluation Round, Bosnia and Herzegovina, Access to justice and effective remedies for victims of trafficking in human Beings

Кисељак и во бегалската населба Михатовиќи).[17]

Не постои орган што ги следи огласите за работни места за да преземе акција или да ги информира работниците против лажни огласи во медиумите и онлајн. Единствено невладината организација „Нови пут“[18] има телефонска линија[19] што обезбедува информации за безбедна и легална миграција и проверува сомнителни реклами за наводно работно ангажирање во странство.

Преземени се активности за зголемување на свеста за ризиците од трудовата експлоатација, кои најчесто се насочени кон најранливите категории на лица – лицата од ромската етничка припадност, како и децата, преку спроведување јавни дебати, улични акции, видеоконференции, кампањи на социјални медиуми и диструбуција на промотивни материјали. Значајно е креирањето на дигитална алатка - мобилна апликација за унапредување на проценката и проактивна идентификација на жртви на трговија со луѓе насловена како „Procena Ranljivosti - Проценка на ранливост“.[20]

Во согласност со Стратегијата за борба против трговијата со луѓе во Босна и Херцеговина 2020-2023 година, потребно е да се направат измени на КЗ на Босна и Херцеговина, со кои ќе се воведе принудното питачење како облик на експлоатација, што сега не е препознаен облик.[21]

## Косово*

Во минатото, Косово* беше главно место на дестинација на жртви на трговија со луѓе, не исклучувајќи ги случаите на транзит и потекло. Косово* сè уште останува земја на потекло (жртвите од Косово* се експлоатирани во Косово*), но забележани се и случаи на дестинација и транзит. Најчеста форма е сексуалната експлоатација, која се одвива во приватни домови, ноќни клубови и салони за масажа, но не се изоставени и трудовата експлоатација и принудната работа, ропство, питачење, принуден брак, како и трговија со органи.[22]

СОП со детално предвидени мерки првпат се развиени во 2004 година. Според СОП, сите професионалци што доаѓаат во контакт со претпоставените жртви на трговија со луѓе мора да ги упатат тие лица до специјализираната полициска управа за борба против трговија со луѓе (DITHB).[23]

Договори за соработка беа склучени со Албанија и Црна Гора во 2016 година. Протоколите за соработка со соседните земји и унифицираните СОП се користат за да се обезбеди заштита и враќање на жртвите. Косово* во текот на 2022 година донесе Национална стратегија против трговијата на луѓе за временскиот период 2022-2026 година, заедно со Акциски план за спроведување на националната стратегија против трговијата со луѓе за временскиот период 2022-2024 година.[24]

Спроведени се повеќе кампањи за подигнување на јавната свест, како од страна на државните институции, единиците на локална самоуправа, така и од страна на граѓанското општество и меѓународните организации. Склучено е

[17] Ibid.
[18] The organisation is a member of the La Strada International NGO Platform and European NGOs Platform Against Trafficking, Exploitation and Slavery, (ENPATES).
[19] https://documentation.lastradainternational.org/lsidocs/3447-LSI%20Flyer%20members%20hotlines%20and%20contact%20data%20-%20April%202022.pdf
[20] https://bih.iom.int/news/predstavljanje-digitalnog-alata-mobilne-aplikacije-za-unapredivanje-procjena-i-proaktivnije-identifikacije-zrtava-trgovine-ljudima
[21] Supra note 16
[22] Secretariat of the Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings (GRETA,Group of experts on Action against trafficking in Human beings, Second report on the compliance of Kosovo* with the standards of COE Convention on Action against trafficking in human beings
[23] Ibid.
[24] https://mpb.rks-gov.net/Uploads/Documents/Pdf/AL/2472/Strategjia%20TQNJ%202022-2026.pdf

партнерство со локален мобилен оператор за испраќање СМС-пораки до сите негови претплатници со текст „Отворете ги очите, борете се против трговијата со луѓе“ и број до Националната линија за помош. Дистрибуирани се летоци на гранични премини со Албанија со информации како да се побара помош, емитувано е видео за намалување на побарувачка за принудна работа, прикажан е филм како трговците ги регрутираат жртвите.[25]

Инспекторатот за труд во Косово* е надлежен да врши инспекциски надзор од аспект на работните односи и безбедноста при работа. Врз основа на своите надлежности според Законот за трудовиот инспекторат, инспекторите можат да изрекуваат санкции за повреда на работните односи и безбедноста при работа. Според властите, има вкупно 35 трудови инспектори, лоцирани во седум региони[26].

Трудовите инспектори имаат овластување да вршат инспекциски надзор во сите формални сектори на економијата, како и во неформалната економија, во однос на спроведувањето на работните односи, заштитата при работа, здравственото законодавство и заштитата на работниците воопшто.

Според надлежните, трудовиот инспекторат редовно врши заеднички инспекции со специјализираната полициска управа за борба против трговијата со луѓе и Единицата за вработување странски државјани на косовската полиција. Овие инспекции се вршат во согласност со планирањето на косовската полиција, бидејќи Трудовиот инспекторат има само споредна улога. Во спроведените заеднички инспекции, во периодот 2016-2019 година, биле затворени 10 правни субјекти-бизниси поради нивна инволвираност и/или овозможување трговија со луѓе.

Трудовите инспектори добиваат почетна обука но таа обука не ја опфаќа темата за превенција, спречување и борба против трговијата со луѓе. Сепак, трудовиот инспекторат се потпира на поддршка од донатори за спроведување на обука за превенција и спречување на трговија со луѓе.

Инспекторатот за труд ги следи директивите на МОТ во однос на безбедносносните услови и заштита при работа. ГРЕТА со загриженост го забележува растечкиот тренд на вработување девојки помлади од 18 години во салоните за масажа во Косово.* Според надлежните, експлоатацијата најмногу се одвива во салони за масажа што се законски регистрирани во Агенцијата за регистрација на бизниси и се предмет на трудова инспекција. Девојките се вработени неофицијално поради фактот дека е нелегално да се вработуваат лица помлади од 18 години.[27]

## Северна Македонија

Северна Македонија е земја на потекло, транзит и дестинација на жртвите на трговија со луѓе. Најголем дел од формално идентификуваните случаи на жртви на трговија со луѓе се однесува на трудовата експлоатација, сексуална експлоатација, присилен брак, принудно питачење и комбинација на принуден брак и сексуална и/или трудова експлоатација. Бројот на формално идентификувани жртви на трговија со луѓе е низок (помеѓу две и девет годишно), освен во 2021 година, кога беа идентификувани 39 жртви од Тајван. Има зголемување на бројот на машки жртви и преминување кон трудовата експлоатација како

[25] Supra note 22
[26] Во Приштина, Печ, Митровица, Ѓаков, Гњилане, Призрен и Урошевац.
[27] Supra note 22

доминантна форма на експлоатација. Голем дел од жртвите биле државјани на Северна Македонија, кои биле тргувани во странство, но и на нашата територија. Во Северна Македонија е воочен и нов облик на трговија со луѓе - трговија со органи, каде што како жртва на трговија со органи се јавува странец.[28]

Досега, Северна Македонија има потпишано протоколи за соработка на полето на борбата против ТЛ со Бугарија, Србија и Црна Гора. Вакви протоколи се планира да се склучат со Грција и со Словенија.

За идентификација на потенцијални/жртви на трговија со луѓе придонесуваат и формираните мобилни тимови, кои функционираат со помош и поддршка на ИОМ. Петте мобилни тимови се активни во спроведување програмски активности, вклучувајќи редовни состаноци, теренски посети, остварување контакти, упатувања и помош на ранливи групи граѓани, како и идентификација на жртви и потенцијални жртви на трговија со луѓе.[29]

Согласно СОП за постапување со жртви на трговија со луѓе, ДИТ при сомневање за постоење потенцијална жртва на трговија со луѓе, ги известува НМУ на жртви на трговија со луѓе при МТСП и единицата за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти при МВР, кои се надлежни органи за идентификација на жртви на трговија со луѓе и водење кривична постапка.[30] На иницијатива на НКБТЛИМ со поддршка на Канцеларијата на Советот на Европа, од страна на МЗМП е изработен Меморандум за соработка помеѓу МВР и ДИТ. Меморандумот е потпишан во 2023 година и е со цел подобрување на меѓусебната соработка помеѓу страните потписници, со фокус на зајакнување на соработката во спречување, откривање и сузбивање на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, како и обезбедување навремена заштита на жртвите и децата жртви од сите форми на експлоатација.

Државниот инспекторат за труд својата работа во моментот ја врши со ограничени човечки ресурси. Согласно ЗИТ,[31] инспекторите имаат овластување во секое време на денот и ноќта, да влезат во просториите на работодавачот, без претходно најавување и без оглед на работното време на работодавачот. Доколку повредата на прописот претставува прекршок или кривично дело, инспекторот е должен до надлежниот орган да поднесе барање, односно пријава за поведување соодветна постапка (прекршочна/ кривична).

ДИТ ги врши инспекциските контроли во ризичните сектори врз основа на годишен план за работа. ДИТ за последните три години, при вршење инспекциски надзори од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа, нема затекнато потенцијални жртви на трговија со луѓе.[32] Трудовите инспектори имаат мандат да вршат увид во сите стопански сектори и во секој момент да влегуваат во деловните простории. Сепак, мандатот на ДПИ опфаќа само прекршување на Законот за работни односи и не постојат јасни протоколи за тоа како официјално да се пријават случаите на трговија со луѓе во полицијата или во обвинителството. Не постои регулирање на трудовата експлоатација во Законот за работните односи. [33]

Моменталната поставеност на ДИТ во корелација со трговијата со луѓе овозможува

[28] Secretariat of the Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings (GRETA,Group of experts on Action against trafficking in Human beings, Third Evaluation Round, North Macedonia, Access to justice and effective remedies for victims of trafficking in human Beings

[29] Работата на мобилните тимови е утврдена во Меморандум за соработка склучен меѓу МТСП и МВР во јануари 2018 година, а во нив учествуваат и здруженијата на граѓани (ЗГ „Отворена порта“ и МЗМП, кое има претставници во Тетово, Куманово, Битола и Гевгелија и обезбедува правна помош и информирање).

[30] Влада на РМ, Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, 2018 година

[31] Закон за инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015, 147/2015 и 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 317/2020).

[32] Одговор од Државниот инспекторат за труд по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

[33] Дишлијовска, Весна „Сезонската работа – плодна почва за трудова експлоатација'' документ за јавни политики, Македонско здружение на млади правници, 2022 година

ограничена можност на делување на трудовите инспектори. Сегашната пракса на информирање на надлежните органи се врши само со обично известување. Надлежностите на ДИТ се регулираат со Законот за инспекција на трудот[34] и Законот за инспекциски надзор[35], не содржат одредби кои би значеле директна надлежност врз основа на што инспекторите би биле поактивни чинители во процесот на откривање и сузбивање на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација.

Дополнително, како проблем се истакнува недоволната комуникација на локалната и граничната полиција во Северна Македонија со Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе. Па оттука, Националната единица самостојно прегледува предмети од Дневниот билтен на МВР и се впушта во подетално испитување на случаите пријавени во локалните полициски станици.[36]

Од страна на граѓанското општество, во Северна Македонија се преземаат активности за зголемување на јавната свест за ризиците од трговијата со луѓе, конкретно трудовата експлоатација, која станува сè подоминантна форма на експлоатација.

И покрај високата стапка на невработеност во земјата, има недостиг на работници во некои сектори, особено во земјоделството и градежништвото, што резултира со вработување мигранти, вклучително и работници без дозвола за престој и работа. Во периодот 2017-2021 година, полицијата и инспекторатот открија поголем број работници без дозвола за работа, кои најчесто работеле во градежниот сектор, но и во земјоделскиот, со потекло од Турција, Албанија и од Косово*. Овие лица беа веднаш депортирани без обиди да се идентификуваат жртвите на ТЛ меѓу нив и без полициската единица против трговија со луѓе да биде информирана за случајот, што ги лишува потенцијалните жртви од помош и заштита, вклучително и од повторна трговија со луѓе. Бидејќи казните за непријавено вработување се многу ниски (175 евра за мал работодавач) и има недостиг од работници, работодавачите продолжуваат да регрутираат нерегуларни мигранти.

Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и Националниот акционен план 2021-2025 предвидуваат информативни сесии со стопанските комори, организацијата на работодавачи и со клубот на менаџери-претприемачи за да се подигне нивната свест за трговијата со луѓе и етички кодекс да биде потпишан од компаниите за да се обезбеди целосна забрана за користење на услугите што ги обезбедува жртви на трговија со луѓе.[37]

Во рамките на МВР-Секторот за известување и координација на состојби функционира апликацијата Red Button – „Црвено копче“[38], која им овозможува на граѓаните електронски да пријават одредено кривично дело, сознание или информација која се однесува на злоупотреба на деца, трговија со луѓе и криминал од омраза. Во 2022 година преку апликацијата нема регистрирани случаи со индиции за трговија со луѓе, а не постои и евиденција дали ваквата алатка е функционална.[39]

## Србија

---

[34] Закон за инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015, 147/2015 и 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 317/2020).
[35] Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/2019 од 22.5.2019 година
[36] Supra note 3
[37] Supra note 28
[38] http://redbutton.mvr.gov.mk/
[39] Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција за 2022 година и Наоди од тркалезна маса одржана на 27-28.04.2023 година во Скопје

Србија останува првенствено земја на потекло на жртвите на трговија со луѓе и е значително погодена од внатрешната трговија со луѓе. Се забележува пораст на случаите на трудова експлоатација, во кои најчесто како жртви се јавуваат лицата од машки пол. Други случаи на трговија на луѓе се однесуваат на питачењето, присилување за вршење кримални активности, сексуална експлоатација, присилен брак. Најголем дел од идентификуваните жртви се српски државјани. Трговците со луѓе ги користат тешките економски околности и ранливоста на жртвите, вклучително и зависноста од наркотични дроги, и сè повеќе ги користат интернетот и социјалните мрежи за регрутирање жртви. Во 2020 година, евидентирани се 38 жртви на трговија со луѓе, од кои 11 се жртви на трудова експлоатација.[40]

Трудовиот инспекторат има овластување да врши инспекција на регистрирани и нерегистрирани работодавачи во кој било сектор од економијата во Србија. Сепак, приватните домаќинства што можат да вработат домашни работници не се опфатени. Редовните инспекциски посети треба да се најавуваат три дена однапред, но може да се одвиваат и без претходна најава доколку инспекторатот добие информација за нелегални вработувања. Според добиените информации, спроведените инспекции резултирале со откривање голема бројка на работници што го прекршиле законодавството кое ги регулира работните односи, но ниту еден не бил упатен за идентификација како жртва на трговија со луѓе.[41]

Пазарната инспекција врши инспекција на АВ и посредниците за вработување што нудат вработување во странство. Сите такви агенции мора да бидат регистрирани во Министерството за труд, вработување, ветерани и социјални работи. Со измените и дополнувањата на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, донесени во 2015 година, агенциите за вработување се одговорни да обезбедат дека огласеното вработување во странство е легално и дека условите за работа се во согласност со законодавството на земјата на вработување. И покрај ваквото овластување на пазарниот инспекторат, сепак, се заклучува дека на пазарниот инспекторат му е потребно долго време да реагира и да ги провери наводите (до два месеца) за лажни понуди за вработување, а во ретките случаи кога фирмите ќе се затворат поради сторен прекршок, управителите отвораат друга фирма со различно име, но слична дејност.

Капацитетот на трудовите инспектори за откривање случаи на трговија со луѓе во Србија останува ограничен. Бројот на трудовите инспектори не е пропорционален со бројот на бизнисите што треба да се проверат.[42]

Во 2019 и 2020 година, Синдикатот на работниците во градежништво и градежни материјали на Србија, во соработка со Трудовиот инспекторат, откри и поднесе пријави на градилишта на кои, спротивно на законските прописи, работеле печалбари, претежно државјани на Албанија, Турција и Индија. Исто така, соработката со синдикатите беше особено зајакната во 2021 година, преку поврзување на претставниците на државните органи со членовите на синдикатот на хибридната конференција „Кон правична мобилност на трудот, социјалните и работните прашања на градежните работници мигранти во Западен Балкан и Европската Унија“, организирана од Синдикатот на работниците во градежништво и градежни материјали на Србија во партнерство со Европскиот центар за прашања на работниците, Синдикатот на градежните и енергетските работници од Белгија и Синдикатот на градежништвото на Холандија, одржана на 25-26 мај 2021 година.[43]

[40] Secretariat of the Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings (GRETA,Group of experts on Action against trafficking in Human beings, Questionnare for the evaluation of the implementation of the COE Convention on Action against trafficking in human beings by the parties, Third evaluation round

[41] Supra note 3

[42] Supra note 40

[43] Ibid.

Голем дел од трудовите инспектори поминале обука за трговија за луѓе со цел трудова експлоатација, а на трудовите и пазарните инспектори им биле доставени џебни водичи за откривање и прелиминарна идентификација на жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација.[44] По спроведување на обуките на трудовите инспектори, како и на пазарните инспектори, се воочува зголемена бројка на откриени и формално идентификувани жртви на трговија со луѓе заради трудова експлоатација на кои им била пружена помош.

Во Република Србија се формирани вкупно 17 локални тима за борба против трговија со луѓе (во Панчево, Кикинда, Сомбор, Нови Пазар, Шабац, Смедерево, Пожаревац, Лесковац, Пирот, Прокупље, Ниш, Нови Сад, Сремска Митровица, Краљево, Крагујевац, Вран, и Суботица).[45]

Кога зборуваме за добри практики, исто така е добро да се истакне дека Република Србија, соочувајќи се со темната бројка на сезонски работници, во 2018 година донесе посебен закон за регулирање на сезонската работа познат како Закон за поедноставување на работното ангажирање на сезонските работи во одредени дејности.[46] Со овој закон се регулираат дејностите во кои може да се ангажираат сезонските работници под поедноставни услови, се поедноставува постапката за пријавување и одјавување на сезонските работници, се регулира начинот на плаќање на даноци и придонеси, правата и обрските на работникот и на работодавачот и се олеснуваат условите за работно ангажирање странци како сезонски работници. Со поедноставувањето на условите за ангажирање на сезонските работници, бројот на легално ангажирани сезонски работници пораснал за повеќе од десет пати, се намалила стапката на работа на сезонски работници во неформалната екомија за 37%, а буџетските приходи се зголемиле на 4 милиони евра.[47]

Соработката со земјите од регионот на полето на борбата против трговијата со луѓе континуирано се реализира преку Мрежата на координатори за борба против трговијата со луѓе на Југоисточна Европа - „Брдо Процес“, кој ги опфаќа националните координатори за борба против трговија со луѓе од Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Албанија, Македонија, Молдавија, Романија и од Словенија, каде што Меѓународниот центар за развој на миграциска политика (ICMPD) ја има улогата на Секретаријат на мрежата. Исто така, соработката во регионот се реализира преку MARRI - Мрежа за соработка на координатори за борба против трговијата со луѓе (Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Албанија и Косово*). Преку соработка на координаторите за борба против трговија со луѓе во регионот, информации и примери, се разменуваат добри практики во превенцијата и борбата против трговијата со луѓе, како и заштитата на жртвите.[48]

Со цел да се подигне свеста за трговијата со луѓе, српските власти секоја година организираат активности по повод Светскиот ден против трговијата со луѓе (30 јули) и Европскиот ден против трговијата со луѓе (18 октомври). Активностите вклучуваат прес-конференции и состаноци на тркалезна маса на кои учествуваат српски и меѓународни експерти, новинари и специјализирани невладини организации. Изработен е и филм насловен „Набљудувачи“, кој се заснова на вистински приказни на тројца млади луѓе, кои станале жртви на трговија со луѓе, и ги охрабрува гледачите да побараат помош од специјализирани институции.[49]

[44] https://www.minrzs.gov.rs/sr/dokumenti/ostalo/vodic-za-inspektore-rada-o-detekciji-i-preliminarnoj-identifikaciji-zrtava-trgovine-ljudima
[45] Supra note 40
[46] ЗАКОН о поједностављеном радном ангажовању на сезонским пословима у одређеним делатностима „Службени гласник РС“, број 50 од 29. 6. 2018.
[47] NALED, 2019, Vodic za elektronsku prijavu sezonskih radnika u poljoprivredi
[48] Supra note 40
[49] Филмот е во копродукција на невладината организација Unitas Fund, Mikser House, Радио и телевизија на Србија и Министерството за образование, наука и технолошки развој

## Црна Гора

Црна Гора е истовремено земја на потекло, дестинација и транзит на тргувани лица. Најголемиот дел на идентификуваните жртви биле изложени на сексуална експлоатација, но исто така има зголемен број жртви на трговија со луѓе за принудно питачење и присилен брак. Поголемиот дел од жртвите биле црногорски државјани, а идентификувани се и некои странски жртви со потекло од Србија, Албанија и од Косово*.

Црна Гора има усвоено Стратегија за борба против трговијата со луѓе, која го опфаќа периодот 2019-2024 година, како и нови СОП за идентификација на жртви на трговија со луѓе.
Со цел зајакнување на истрагата и гонењето на случаите на трговија со луѓе, формиран е Оперативен тим за борба против трговијата со луѓе во 2018 година, со цел да се врши формална идентификација на жртви на трговија со луѓе.
Видно од работата на Оперативниот тим, се воочува дека покрај тоа што постои значајно зголемување на бројот на идентификувани жртви, постои и тренд на зголемување на бројот на жени жртви на трудовата експлоатација. [50]

Црна Гора склучи Договор за соработка за борба против трговијата со луѓе со Северна Македонија, кој ги регулира прашањата за соработка поврзани со идентификација, упатување, заштита и помош во доброволното враќање на жртвите и потенцијалните жртви на трговија со луѓе. Протоколи за соработка на полето на борбата против трговијата со луѓе се потпишани и со Албанија и Косово*.

Граѓанските организации беа вклучени и во работата на координативното тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за борба против трговијата со луѓе и во тимот за идентификација на жртвите, кој е задолжен за идентификација, упатување и иницијална помош на жртвите. Во 2021 година, овој тим идентификуваше пет жртви, сите малолетни, четири од нив девојчиња. Властите продолжија да соработуваат со соседните земји. Во декември 2021 година, меѓу министрите за внатрешни работи на Црна Гора и Словенија беше потпишан протокол за соработка за борба против трговијата со луѓе.

Во 2020 година трудовата експлоатација била доминантна форма на експлоатација во Црна Гора. Значителен број печалбари доаѓаат во Црна Гора од соседните земји (Србија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Албанија) на сезонска работа во лето, особено во хотелскиот и ресторанскиот сектор на море, како и во градежната индустрија, и тие мора да поседуваат работна дозвола. Некои од нив се со нерегуларен работен статус и немаат социјална заштита, а платите им се задржуваат од страна на т.н работодавачи. Во Црна Гора постои потенцијално преклопување помеѓу принудните бракови и трговијата со луѓе, при што принудниот брак може да биде поврзан со сексуална експлоатација, трудова експлоатација и финансиски и други придобивки за поширокото семејство.

Сепак, обвинителството ретко ги третира таквите случаи како трговија со луѓе (иако членот 444 од Кривичниот законик, кој ја криминализира ТЛ, вклучува и „склучување незаконски брак“ меѓу облиците на експлоатација). Трудовиот инспекторат во Црна Гора во моментот се соочува со недостиг на човечки реруси - потребни испектори, кои се занимаваат со работни односи и прашања од вработување, како и безбедност и здравје при работа. Претставник од Трудовиот инспекторат е член на координативното тело за следење на спроведувањето на Стратегијата за борба против трговија со луѓе. Сите трудови

[50] Secretariat of the Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings  (GRETA,Group of experts on Action against trafficking in Human beings, Third Evaluation Round, Montenegro,Access to justice and effective remedies for victims of trafficking in human Beings

инспектори имале обука за откривање трговија со луѓе како дел од својата почетна обука и им биле обезбедени индикатори и биле запознаени со Стандардните оперативни процедури за идентификација на жртвите на трговија со луѓе.[51]

Кога станува збор за децата како ранлива категорија, уличното питачење е форма на експлоатација најзастапена во Црна Гора. За таа цел, спроведени се планирани активности во рамките на полициската акција „Просјак", со цел откривање и заштита на возрасните и децата затекнати во питачење. Процесирани се само неколку случаи на деца што биле експлоатирани за питачење.

Црна Гора го нема ратификувано Протоколот од 2014 година кон Конвенцијата бр. 29 на МОТ за принудна работа.[52]

Трудовите инспектори тесно соработуваат со полицајците за имиграција и Одделот за јавни приходи, вршејќи заеднички инспекции на деловни простории со висок ризик (на пр. градилишта, ресторани, ноќни клубови).[53] Како резултат на спроведениот инспекциски надзор, трудовите инспектори имаат откриено работници без работни дозволи. Податоците за откриените работници во форма на известување се доставуваат до полицијата и се пренесува информација за работодавачите што го прекршиле Законот за странци со непријавувањето странски работници. Сепак, од страна на трудовите инспектори не се откриени случаи каде што има присуство на индикатори за трговија со луѓе. Согласно горенаведеното, фокусот на инспекциите е ставен на сузбивање на нелегалната работа и на справување со работата на црно во сивата економија. Работодавачите се санкционираат кога работниците се вработени без соодветна документација (дозвола за престој и работна дозвола). Иако има заеднички контроли со полицијата и Управата за јавни приходи, сè уште нема заеднички контроли со специјализираната полициска единица за борба против трговија со луѓе.[54]

Невладините организации играат клучна улога во акцијата против трговија со луѓе во Црна Гора, преку спроведување активности за подигање на свеста, обука и истражување, водење линии за помош, обезбедување помош на жртвите и учество во меѓународни проекти.[55]

[51] Ibid.
[52] Ibid.
[53] European Comission, Commission staff working document,Montenegro , 2022 report, Brussels 2022

[54] Supra note 50
[55] Ibid.



## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Трудовите инспектори се значајна алка при идентификација на потенцијални/жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Потребно е да се обезбеди проактивна улога на трудовите инспектори при вршење редовни и вонредни инспекциски надзори за идентификација на потенцијални/жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација;
- Потребно е вклучување на специјализираниот полициски оддел за борба против трговија со луѓе во заеднички инспекции со Трудовиот инспекторат во сите земји;
- Инспекторатите за труд треба да имаат јасен законски мандат во однос на идентификација и постапување со идентификуваните жртви на трговија со луѓе, како би можеле да постапат итно и во најдобар интерес на жртвата. Притоа треба да се обезбеди механизам за директно известување од страна на трудовиот инспектор до надлежниот орган кој постапува;
- Потребно е да се прошири мандатот на трудовите инспектори пошироко од регистрираните правни лица и да може да вршат надзор во сивата економија.
- Потребно е трудовите инспектори да ја зголемат својата работа на терен за да ги идентификуваат жртвите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, посветувајќи особено внимание на ризичните сектори, како што се градежништвото, угостителството и земјоделството.
- Потребно е да се обезбедат поголем број човечки ресурси во инспекторатите.
- Потребно е да се спроведуваат редовни обуки за индикаторите на трговија со луѓе и Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе на трудовите инспектори и сите што учествуваат во идентификацијата или би можеле да дојдат во контакт со

жртви на трговија со луѓе (полиција, обвинители, судии, социјални ртаботници, здравствени работници итн.)

- Истовремено е потребно да се работи на активна соработка помеѓу: службениците за спроведување на законот, трудовите инспектори, општински тела што вршат друг тип инспекциски надзор, полицијата, финансиската полиција, даночните власти, синдикатите, стопанската комора, мобилните тимови и другите чинители на граѓанското општество заради собирање докази потребни за успешно гонење такви случаи.
- Од особено значење е контиунирано да се спроведуваат кампањи, како и да се креираат достапни материјали за информирање за различните форми на трговија со луѓе и подигнување на јавната свест за трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација. Идните мерки за подигање на свеста треба да бидат дизајнирани и да се фокусираат на идентификуваните потреби, вклучувајќи ја и трговијата со луѓе при миграциските движења. Материјалите за превенција од трудова екеспплоатација треба да се изложат во агенциите за работа, границите на државите, миграциските центри, училиштата итн.
- Потребно е да се преземат и применуваат најдобрите практики од регионот во сите земји, вклучувајќи ги и дигиталните алатки во секоја од земјите. Веќе достапните алатки како: броеви за пријавување, онлајн-форми, сајтови и апликации треба да бидат функционални и употребливи.
- Деталното законско уредување на сезонската работа ќе придонесе за зајакнување на заштитата на сезонскиот работник од трудова експлоатација.
- Зајакнувањето на мониторингот на агенциите за привремено вработување е клучен аспект на кој треба да се работи. Важно е релевантните службеници за трговија со луѓе да се сензибилизираат за трудовата експлоатација и правата на жртвите. Исто така, треба да се зајакнат напорите за спречување на измамничките понуди за работа што се шират преку интернет и да се оствари тесна соработка со синдикатите, граѓанското општество и бизнис-секторот.
- Потребна е засилена регионална соработка и средби за редовна размена на информации за т.н жешки точки, при што би можело да бидат идентификувани случаи на илегална миграција и трудова експлоатација со соседните земји заради континуирано движење на работници на Западен Балкан.